# ВОДИЧ за заштита на ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ



ВОДИЧ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

мај 2017, Скопје

# ВОДИЧ ЗА ЗАШТИТА
## НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Издавач:

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените - ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20-1-4, Скопје

Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Студијата е финансиски поддржана од

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

# За водичот...

Водичот за заштита на жртви на трговија со луѓе е дел од серијата водичи наменети за жени жртви на насилство, подготвени во рамки на Проектот на УСАИД за правна заштита на жени. Проектот на УСАИД за правна заштита на жените го спроведува Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ во соработка со Отворена порта Македонија - Ла Страда и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" и опфаќа три клучни компоненти: подобрување на судското постапување во предметите поврзани со насилство и дискриминација врз жените; унапредување на законската рамка со која се овозможува заштита на жртвите на насилство и дискриминација и унапредување на работењето на граѓанските организации што им даваат правна помош на жените жртви на насилство и дискриминација.

Сè уште присутните патријархални вредности и предрасуди за улогата на жената во семејството и во општеството се суштински фактор што придонесува за толерирање и минимизирање на родово базираното насилство, како и барање на вина и одговорност за насилството кај самите жртви. За жал голем дел од овие ставови се застапени и кај претставниците на институциите на системот, па оттаму е и недовербата дека поддршката и заштитата на жртвите од насилство ќе биде обезбедена соодветно, навремено и квалитетно. Исто така жртвите на насилство не се доволно информирани за своите права и постојните можности за нивна заштита од насилство.

Од овие причини сметавме дека во процесот на помагање и поддршка на жртвите на насилство потребно е нивно постојано информирање и охрабрување.

Водичите се подготвени врз основа на искуството што го имале жртвите на семејно насилство или трговија со луѓе и сексуалните работнички во однос на пристапот до надлежните институции и заштитата што им била обезбедена.

Се надеваме дека Проектот на УСАИД за правна заштита на жените преку подготвените водичи ќе придонесе за зголемување на информираноста на жртвите за законските механизми за заштита и уште повеќе ќе ги охрабри да ги користат овие механизми за заштита од насилството.

Водичот за заштита на жртвите на трговија со луѓе е наменет за сите оние што преживеале експлоатација и трговија со луѓе. Првенствено тој е наменет да даде детални информации во однос на услугите и ресурсите што ви стојат на располагање за успешно закрепнување. Исто така овој Водич содржи и објаснување на феноменот на трговија со луѓе, како и насоки за полесна самоидентификација.

# ВОВЕД

Трговијата со луѓе е сериозен меѓународен проблем што претставува модерна форма на ропство. Во процесот на трговија со луѓе најсурово се искористува човечкото тело и труд при што на жртвите им се прекршува правото на живот, слобода, здравје, работа, образование, сигурност и безбедност. Жртва на трговија со луѓе може да биде секој маж, секоја жена, секое дете, независно од нивната возраст, образование или верска припадност коишто индивидуално или колективно претрпеле физичко, психичко и сексуално насилство, експлоатација и емотивно страдање. Со потпишувањето и усвојувањето на Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца (Протоколот од Палермо) [1] во 2000 година се утврди заедничко и општоприфатено дефинирање [2] на тоа што претставува трговијата со луѓе.

Трговијата со луѓе е феномен застапен и во нашата земја, која не е само транзитна туку и земја на потекло. Нашето законодавство во Кривичниот законик го регулира делото трговија со луѓе на следниов начин: *„Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува*

[1] Протокол на Обединетите нации за превенција, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца со кој се дополнува Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал.

[2] Протоколот од Палермо ја дефинира трговијата со луѓе како: „Регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање на лица по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда или киднапирање или измама или залажување или со злоупотреба на моќ или на состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист заради постигнување согласност на лице кое има контрола над друго лице заради негова експлоатација. Експлоатацијата подразбира, во најмала мерка, експлоатација за проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудно услужување, ропство или постапување слично на ропство, слугување или отстранување на органи.

*или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлотација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело ќе се казни со казна затвор најмалку 4 години".*

Дефиницијата за трговија со луѓе ги опфаќа постапките и дејствата преку кои се врши трговија со луѓе и тоа: **врбување, регрутирање, транспорт, трансфер, купување, продавање, прифаќање или засолнување.** За да се присилат лицата да извршуваат активности против своја волја трговците со луѓе користат: **употреба на сила, сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотреба на моќ или немоќ или примање на пари или друга корист. Целта на вршење на сите дејства од страна на трговците е експлоатација на други лица заради остварување на профит. Експлоатацијата,** којашто претставува суштински елемент на делото трговија со луѓе, се извршува на различни начини: сексуална експлоатација, трудова експлоатација, принудно питање, принуда за извршување на кривични дела, незаконско посвојување, принудни бракови или трговија со органи.

# 2. Облици на трговија со луѓе

## СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Жртви на сексуална експлоатација најчесто се жените и девојките. Покрај присилната проституција, којашто најчесто е застапена, оваа форма на експлоатација може да вклучува и употреба за порнографски цели или експлоатација преку онлајн сексуални услуги.

## ПРИНУДНА РАБОТА

Најчесто жртви на овој вид експоатација се мажи што работат во градежната индустрија, но исто така оваа експлоатација е мошне застапена и во земјоделскиот, индустрискиот, текстилниот и угостителскиот сектор. Принудната работа вклучува работа против волјата на лицето, односно работа под услови што лицето не ги прифатило, како и работење на домашна работа (слугување).

## ПРИНУДНО ПИТАЊЕ

Принудното питање исто така може да биде една од формите на трговија со луѓе на кои се подложни и децата и возрасните, а под висок ризик се и луѓето со физички и ментални проблеми и пречки во развојот. Оваа форма на експлоатација вклучува и намерно телесно осакатување и присила да се глуми одреден хендикеп за да се добијат повеќе средства од питање.

## ПРИНУДА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Жртвите може да се експлоатираат преку принудно извршување на криминални активности. Вршењето на криминал под принуда често не се препознава како вид на трговија со луѓе и поради тоа голем дел од жртвите најчесто се осудувани за овој криминал иако го сториле под принуда.

## ПРИСИЛНИ БРАКОВИ

Овој облик на трговија со луѓе подразбира регрутирање на деца преку родители, роднини и други лица заради „склучување брак“ во странство преку лажни ветувања и измами за добар живот. Жртвите на овој вид експлоатација се подложни на повеќе видови експлоатација од страна на семејствата на кои им биле продадени, особено сексуална експлоатација, питање, вршење кражби, слугување.

## ТРГОВИЈА СО ОРГАНИ

Отстранувањето на делови од човечкото тело (крв, бубрези, јајце клетки, ткива и др.) и нивно продавање против волјата на лицето или одземање на детето од мајката заради продавање на органи е исто така вид на трговија со луѓе.

Независно за каков облик на експлоатација станува збор она што е заедничко за сите е дека таа секогаш се реализира во мошне сурови услови и сето она што го презема жртвата во процесот на трговија со луѓе е против нејзина волја и под присила.

# 3. Знаци како да препознаеш дали си жртва

- Првиот знак е дека се чувствуваш заробено или си киднапирана. !
- Одземени ти се пасошот и други лични документи. !
- Принуден/а си да користиш лажен идентитет (пасош или лична карта на друго лице). !
- Принуден/а си да работиш или да направиш нешто што не сакаш да го правиш. !
- Присилен/а си да даваш сексуални услуги на клиенти. !
- Го користат твоето тело за порнографија, трговија со органи, криумчарење на дрога и др. !
- Животот ти е доведен во опасност поради друг. !
- Доколку не се согласиш да го извршиш тоа што од

тебе се очекува ти преживуваш физичко, психичко или сексуално насилство (тепање, силување, глад, заплашување и др.). !

- Твоите движења се ограничени и се контролирани, те следат сѐ што ќе направиш или ќе кажеш. !

- Секогаш те придружуваат кога ќе излезеш надвор. !

- Не ти е дозволен пристап до комуникација (телефон, интернет и др.). !

- Ти се закануваат дека ќе му наштетат на твоето семејство. !

- Во брак си против своја волја и чувствуваш дека твојот сопружник или неговото семејство те злоупотребуваат. !

## 4. Што треба да превземеш за да се заштитиш

**Доколку си жртва на трговија со луѓе, постојат неколку чекори што можеш да ги преземеш за да обезбедиш своја заштита.**

### Пријавување на дејствата на трговија со луѓе

Пријави ги дејствата на трговија со луѓе во најблиската полициска станица. По твоето пријавување во полициска станица, полицискиот службеник е должен да повика инспектор кој е специјализиран за трговија со луѓе. Твојата изјава треба да опфати детално опишување на дејствата што ти се случиле. Дел

од прашањата што ќе ти бидат поставени се од лична природа. Твојат исказ ќе биде евидентиран од страна на инспекторот и треба да го потпишеш откако ќе го прочиташ или тој ќе ти го прочита.

## Период на одлучување

Доколку по првичниот разговор со полицијата не се чувствуваш подготвена да споделиш информации од твоите страдања, може да ти биде обезбеден период на одлучување за да закрепнеш и да одлучиш дали ќе соработуваш со надлежните органи. Периодот на одлучување е до два месеца, а доколку си дете (под 18 г.), овој период може да се продолжи.

Доколку си странски државјанин и одлучиш да соработуваш со надлежните органи, по завршување на периодот на одлучување можеш да добиеш дозвола за привремен престој. Дозволата за привремен престој за странци се издава во период од шест месеци, со можност за продолжување за уште шест. Во периодот на одлучување ти се обезбедени следниве услуги: соодветно и безбедно сместување; здравствена заштита; психосоцијална помош; совети и информации за твоите законски права на јазик што го разбираш; правна помош за време на кривичната или друга постапка за остварување на твоите права; информации за соодветните судски или админстративни постапки како и правото на странските државјани да побараат азил; пристап до образование; информации за можностите и постапката за враќање во државата чиј државјани си или во земја во која си имал/а имаш законски престој пред влегување во Р Македонија.

# 5. Каков тип на заштита ти е обезбеден

## Транспорт и безбедно сместување

Безбедниот транспорт и сместување на жртвите на трговија со луѓе, независно дали се странски или домашни државјани, е првиот чекор што се презема за да им се помогне. Доколку немаш безбедно сместување и си македонски државјанин ќе бидеш сместена во Центарот за сместување на лица жртви на трговија со луѓе. Во овој центар се сместени само лица од женски пол. Во него има вработено стручен тим, кој ќе биде постојано со тебе и ќе ти помага во твоето зајакнување и закрепнување. Тука можеш да размислиш дали ќе учествуваш во кривичната постапка, дали ќе контактираш со полицијата ако сè уште не си дала изјава.

Македонските државјани можат да се вратат и во своите домови, доколку има услови за тоа.

Доколку пак си странски државјанин и си со регулиран престој во Р Македонија ќе бидеш сместена во Прифатниот центар за странци. Ако си дете, центарот за социјална работа ќе ти назначи привремен старател, кој во соработка со тебе ќе донесе одлука каде ќе бидеш сместено.

## Здравствена заштита

Преку задолжителното здравствено осигурување ти се обезбедени основните здравствни услуги и тоа во примарната здравствена заштита, специјалистичко-консултативната здравствена заштита и во болничката здравствена заштита. Ако си дете имаш право на задолжително здравствено осигурување преку член или родител од твоето семејство.

Доколку си сместена во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, центарот за социјална работа од твоето место на живеење е надлежен да го регулира правото на здравствена заштита во соработка со Фондот за здравство. Ако си странец, жртва на трговија со луѓе и си сместена во Прифатниот центар за странци, исто така имаш право на здравствена заштита во Р Македонија. Во овие прифатилишта (Центар за лица жртви на трговија со луѓе или Прифатен центар) од страна на стручен тим ќе биде утврдена твојата физичка и ментална здравствена состојба и врз основа на овие сознанија ќе бидеш информирана за институциите до кои треба да се обратиш за натамошен третман.

## Правна помош и заштита

Основното право што треба да ти биде овозможено е пристапот до правна помош. Тоа вклучува информации за правата и обврските во предистражна постапка, за време и по главната расправа, право на старател, преведувач, доколку си странец или не го познаваш јазикот, право на период на одлучување, дозвола за привремен престој ако си странец, можност за покренување на надомест на штета и др. Како оштетена/сведок имаш право на бесплатна правна помош во текот на целата постапка.

Доколку си дете жртва имаш право да бидеш вклучена во Програмата за заштита на сведоци со давање на писмена согласност од страна на родител/старател. Преку оваа програма тебе ти е обезбедена бесплатна правна помош и заштита. Бесплатна правна помош и застапување може да ти биде обезбедена ако си вклучена во програми за помош и заштита на жртви од трговија со луѓе спроведени од страна на здруженија на граѓани. Исто така, бесплатна правна помош можеш да побараш и преку подрачни одделенија на Министерството за правда на РМ или преку овластени здруженија на граѓани и адвокати што се запишани во Регистарот на адвокатите за давање бесплатна правна помош.

Доколку како жртва на трговија со луѓе си претрпела штета, вклучувајќи физичка и ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда, загрозување на твоите права и интереси како последица на кривично дело имаш право да побараш обештетување, односно имотно-правно побарување за добивање на надомест на штета од сторителот на кривичното дело.

### Судска заштита

За кривично гонење на сторителите на трговија со луѓе надлежно е Основното јавно обвинителство за гонење на дела од организиран криминал и корупција. Освен кривичното санкционирање на насилникот, во кривичната постапка може да поднесете предлог за имотно правно барање, доколку како жртва на трговија со луѓе сте претрпеле материјална или нематеријална штета. Јавниот обвинител треба да ве поучи дека имате право да пријавите имотно правно побарување уште во текот на истражната постапка.

Доколку судот не одлучи за имотно правното побарување во текот на кривичната постапка, може да ве упати да го остварите правото на надомест на штета во граѓанска постапка преку поднесување на тужба.

## Кривична постапка за гонење на сторители на трговија со луѓе.

### *Во текот на истражната постапка*

Како жртва/оштетена во истражната постапка имаш право да му даваш предлози на јавниот обвинител за преземање на одедени дејства заради остварување на своите права. Воедно имаш право бесплатно да ти биде обезбеден адвокат, кој ќе ти ја објасни целата постапка во којашто треба да бидеш вклучена. Адвокатот треба да ја слушне твоја приказна во детали. Тој ќе

биде со тебе во текот на целата судска постапка и ќе ги брани твоите интереси. Во текот на истражната постапка имаш право да пријавиш имотно правно побарување. Доколку дојде до запирање на истражната постапка треба да бидеш известена.

## *Во текот на главната расправа*

Имаш право да присуствуваш на главната расправа и да учествуваш во доказната постапка (предлагање на докази и укажување на одредени факти). На главната расправа покрај тужителот, обвинетиот и неговиот бранител, задолжително ќе те повикаат и тебе. И во оваа фаза имаш право да побараш имотно правно обештетување. На прашањата што се однесуваат на личниот живот, а не се поврзани со кривичното дело не си должна да одговориш. Имаш право да зборуваш на својот мајчин јазик, а судот е должен да обезбеди толкувач. Имаш право да бараш испитување во посебна просторија од обвинетите и твојот исказ да биде снимен тонски или со видеозапис. Исто така можеш да бараш и исклучување на јавноста на главната расправа. Правото на приватност и безбедност како жртва на трговија со луѓе ти се загарантирани.

За сите наведени права, судот, јавниот обвинител и полицијата се должни да те подучат пред првото испитување и за поуките треба да состават службена белешка или записник.

Доколку си дете жртва на кривично дело имаш право на посебна заштита на својата безбедност и безбедноста на твоето семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите што учествуваат во кривичната постапка; право на посебна заштита од секундарна виктимизација и право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца жртви на кривични дела.

Имаш право да бидеш известено за своите права на јазик разбирлив и соодветен на возраста, како и почитување на правото на приватност. Твоите родители/родителот, односно старателите/

старателот треба да бидат информирани за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот. Ти, односно твоите родители/родителот, односно старателите/старателот имате право да учествувате во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотно-правното барање за штета. Полицијата, јавниот обвинител и судот се должни да постапуваат кон тебе со посебна грижа, водејќи сметка за твоите интереси при донесувањето на одлука за кривично гонење против обвинетиот за што се составува службена белешка или записник.

## *Извршување на пресудата*

Откако ќе ја добиеш пресудата, ти имаш право да си го наплатиш досуденото имотно-правно побарување. Доколку си малолетник се поднесува барање до Министерство за правда за обештетување. Доколку си полнолетна наплатата ќе биде спроведена преку извршител во извршна постапка.

## Социјална заштита

Услугите од социјална заштита ќе ти бидат обезбедени од страна на стручни лица од центарот за социјална работа. Во центарот можеш да добиеш советување за побрзо закрепнување, помош при воспоставување на контакти со твоето семејство, како и помош во обезбедување на лични документи (извод од матична книга на родени, лична карта, здравствена легитимација и др.). Заради обезбедување на некои од паричните надоместоци за социјална помош (еднократна парична помош, социјална парична помош, постојана парична помош, паричен надоместок за помош и нега, детски додаток и др.) потребно е да поднесеш соодветна документација во однос на твојата неспособност за заработувачка, самостојно издржување и егзистенција. Центарот за социјална работа може да ти обезбеди и хуманитарна помош за

задоволување на основните потреби како што се: храна, облека, обувки и хигиенски средства. Таа може да ти биде обезбедена од страна на здруженија на граѓани што даваат социјални услуги.

## Образование

Основното и средното образование е задолжително во Р Македонија и доколку си го прекинала образованието имаш право да бидеш информирана за вклучување или дооформување на формалното образование. Можеш активно да се вклучиш во образовниот процес во зависност од возраста. Доколку не си го завршила основното образование, а си постара од предвидената возраст за посета во редовна настава, имаш можност да го продолжиш образованието во училиштето за возасни. Доколку имаш завршено основно образование можеш да се вклучиш во редовно средно стручно училиште како и во Работнички универзитет. Исто така можеш да бидеш вклучена во програмата за стручно оспособување иако немаш завршено основно образование, но со обврска напоредно со стручното оспособување да го завршиш и основното образование. Психолошко-педагошката служба во училиштето има обврска континуирано да ти дава поддршка во текот на наставата.

Здруженијата на граѓани за поддршка на лица жртви на трговија со луѓе можат да ти помогнат во обезбедување на потребната документација за запишување во училиште, а исто така можат да ти помогнат и при самото запишување.

## Вработување

Доколку си невработена и имаш наполнето 15 години може да се пријавиш во Агенцијата за вработување каде што можеш да добиеш информации за твоите права, обврски и можностите за вработување како лице жртва на трговија со луѓе. Ако си странец, жртва на трговија со луѓе, постојат три услови што треба да ги

исполниш за да може да се вработиш во Р Македонија, а тоа се: да имаш работна дозвола, регулиран престој за странец во државата и регулирано вработување.

Исто така и здруженијата на граѓани можат да ти помогнат во обезбедување на информации за можностите за вработување во рамки на индивидуалните советувања со жртвите. Исто така здруженијата на граѓани организираат и алтернативни работилници што можат да ти помогнат да научиш како да пишуваш биографија, мотивациско писмо, пријава за работа, кои документи треба да ги подготвиш, односно подготовка за разговор за работа.

## Реинтегрирање

Доколку си странска државјанка имаш право на безбедно враќање во твојата матична земја. Тоа вклучува претходна проценка на ризикот и безбедноста за твое враќање, како и проценка на твоето семејство. Доколку се утврди дека враќањето не претставува закана за твојата безбедност, тогаш здруженијата на граѓани и меѓународните организации помагаат во организирање и обезбедување на карта за патувањето. Доколку се работи за малолетно лице на патувањето треба да те придржува привремен старател.

Ако си дете и си македонски државјанин, одлуката за постојано место на живеење ќе ја донесе задолжениот социјален работник од надлежниот центар за социјална работа. Одлуката треба да биде донесена  со твоја соработка. При носењето на одлука за местото на живеење треба да се има предвид твојата безбедност, сè што е од твој интерес и можностите за твое напредување. Доколку нема услови за враќање кај твоите родители, социјалниот работник ќе изнајде начин да те смести на најсоодветно место. Социјалниот работник треба да ти ги каже сите можности и услуги коишто можеш да ги добиеш во идното место на живеење.

# За нас...

*Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе -* ***Отворена порта/Ла страда Македонија е национална невладина организација целосно посветена на борбата против трговија со луѓе.*** *Од своето основање во 2000 година па до денес Отворена порта сеопфатно го третира проблемот на трговијата со луѓе и активно учествува во градењето на политики и стратегии со цел да се намали бројот на жртвите од трговија со луѓе и да се обезбеди подобар третман за тргуваните лица. Отворена порта раководи со прифатилиште за згрижување на жртви на трговија со луѓе и обезбедува сервиси за успешна реинтеграција; обезбедува информации за проблемот на трговија со луѓе и начини на превенција преку телефонска СОС линија којашто е бесплатна за јавувачите од Македонија.*

# 6. Контакти од организации и институции за заштита на правата на сексуалните работници

**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта**

## Бесплатна СОС линија

0800 11 111; 02 27 00 107

www.lastrada.org.mk • email: lastrada@lastrada.org.mk

**Министерство за труд и социјална политика -** Национален маханизам за упатување на жртви на трговија со луѓе
**Тел:** 02 310 6443

Во подготовката на водичот учествуваше:
Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе- Отворена порта.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

www.esem.org.mk